Одговор: Комисијата за јавни набавки на Уставниот суд, со објавување на оглас (Оглас бр.16896/2021), спроведе постапка за јавна набавка на канцелариски материјали вклучувајќи ја и хартијата за печатење, притоа, во техничката спецификација утврдени се следните карактеристики за еден топ хартијата за печатење: фотокопирна хартија бела боја А4 формат, мин 1/500 80 гр/м2. Вкупната вредност на договорот за јавната набавка, е со износ во висина до 350.000,00 денари без вклучен ДДВ, утврден согласно одлуката за јавна набавка Су.бр.806/21 од 29.09.2021 година. Согласно спроведената електронска аукција се утврдени поединечните цени во понудата, притоа вредноста на еден топ хартија изнесува 231,89 денари без ДДВ. За период од склучувањето на договорот (29.10.2021 година) до датумот на одговор на барањето, за потребите на Судот, набавени се 130 топа хартија за печатење.